*Најдобрата кинеска литература за деца*

**Цанг Ќуишенг**

# ПРИКАЗНИ ГОЛЕМИ КОЛКУ ДЛАНКА



海豚出版社
DOLPHIN BOOKS
CIPG 中国国际出版集团

МАКЕДОНИКА
литера

## *КИТОТ И РИБАТА*

Еден кит пливаше во морето.

Тој беше толку голем што наликуваше на еден голем брод.

Кога доплива до едно островче, таму сретна едно рипче.

Рипката беше толку мала што изгледаше како делче од лист.

„Ќе ме задеваш ли?“ – праша рибата.

„Никако. Сакам да се спријателувам со рипчиња“, рече китот.

Така, рибата и китот станаа добри пријатели.

„Ајде да си играме криенка“, му рече рибата на китот.

„Не“, рече китот. „Ако се скриеш во карпите или во морската трева, не ќе можам да те најдам. Ќе можам ли јас да се скријам така? Знаеш, јас сум многу голем...

Малку подоцна почнаа да си раскажуваат приказни.

Китот кажа една долга приказна што многу ѝ се допадна на рипката.

Рипката, пак, кажа една многу куса приказна што му се допадна на китот.

## *ПЕПЕРУГАТА ШТО ЧИТА МИРИСЛИВ ВЕСНИК*

Едно утро, пеперугата слета на роза пред еден прозорец. Долго време стоеше таму.

„Пеперугата чита мирислив весник!“ – ми рече моето помало братче.

„Што има во весникот?“ – прашав јас.



„Веројатно многу интересна приказна“, рече моето помало братче.

„Па, што вели приказната?“ – прашав јас.

„Прости, но не го разбирам јазикот!“ – рече моето помало братче.

## *ЕЖОТ И ТИГАРОТ*

Се сретнаа ежот и тигарот.

Тигарот го погледна ежот и воздивна:

„Вчера гледав филм. Навистина беше прекрасен. Таму ежот беше толку умен што ги извади сите свои боцки и ги фрли како копја!“

Откако го слушна ова, ежот беше многу задоволен и рече:

„И јас вчера гледав филм. Имаше еден храбар тигар кој ги извади сите свои заби, од нив направи ѓердан и си го обеси околу вратот!“